# ПРЕПОРАКИ ЗА ОБЛИКУВАЊЕ НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ, МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ И ДИПЛОМСКИ РАБОТИ

Стандардизираното оболикување на научните документи според важечките меѓународни норми[1] е основен предуслов за нивниот третман во процесот на научното комуницирање. Може да се рече дека документите што се обликувани без почитување на стандардите, практично неможе да бидат вклучени во тековите на научното информирање, остануваат достапни само за мал број корисници и добиваат локален карактер.

Функционирањето и користењето на меѓународните автоматизирани системи за научни и технолошки информации и на базите на податоци што се креираат во рамките на овие системи уште повеќе ги изострија критериумите во однос на стандардизираното обликување на научните документи. Авторите и издавачите треба задолжително ова да го имаат предвид, доколку се заинтересирани нивните трудови и публикации да се вклучуваат во информативниот простор.[2]

Докторските дисертации и магистерските трудови се специфичен вид научни документи. По правило, тие се ракописи (машинописи), умножени во ограничен број примероци. Затоа, достапот до нив е ограничен, а информациите најчесто се добиваат преку секундарни извори (библиографии, прегледи, бази и банки на податоци и сл.).

За докторските дисертации и магистерските трудови од Македонија[3] во Рефералниот центар е формирана посебна база од која повремено се подготвуваат печатени изводи - Прегледи. Со вклучувањето на Рефералниот центар во меѓународните системи за научни и технолошки информации е констатирано дека докторските дисертации и магистерските трудови од Македонија не ги имаат комплетните податоци што може да ги прифатат странските системи, а преку кои се врши нивна целосна идентификација.

Затоа, Рефералниот центар, уште еднаш укажува на потребата од стандардизирано обликување на докторските дисертации и магистерските трудови, кои треба *задолжително* да ги содржат наведените елементи, распоредени на начин што е предложен во прилогот.

Дипломските работи, секако дека не се вбројуваат во категоријата на научни трудови. Меѓутоа, тие се споменуваат во овој контекст со намера да им се препорачаат на дипломците, како потенцијални автори, за да се воведат во начинот на обликување на научните трудови.

**Прилог 1**
Задолжителни податоци и нивниот распоред на прелиминарните страници при обликување на докторски дисертации, магистерски трудови и дипломски работи

**Прилог 2**
Пример на правилно обликувана докторска дисертација

---

[1] UNESCO: Pravila ispravnog postupka potpisanje znanstvenih publikacija. Informatologia Yugoslavica, 1/1969, 1-4, 79-86 str.
[2] UNISIST Guide to standards for information hangiling. Paris, UNESCO, 1980
[3] Се подразбираат трудовите одбранети на универзитетите во Македонија и трудовите на авторите од Македонија одбранети во странство

**Прилог 1**

*НАСЛОВНА СТРАНИЦА*

Име на универзитетот
Име на факултетот - место
Име, средна буква и презиме на авторот (без титули)
Наслов на трудот
Поднаслов на трудот (доколку го има)
Вид на трудот (магистерски труд)
Место, година

*ПРВА СТРАНИЦА ПО НАСЛОВНАТА*

| | |
|---|---|
| **М е н т о р:** | Име, средна буква и презиме<br>Име на факултетот, место |
| **Членови на комисијата:** | Име, средна буква и презиме<br>Име на факултетот, место |

Датум на одбраната
Датум на промоцијата
Наука на која што се стекнува докторатот

*ВТОРА СТРАНИЦА ПО НАСЛОВНАТА*

Наслов на трудот
Апстракт (најмногу до 1800 знака , односно 150 до 200)
Клучни зборови (најмногу до 10)

*ТРЕТА СТРАНИЦА ПО НАСЛОВНАТА*

Наслов на трудот на еден од светските јазици
Апстракт на еден од светските јазици
Клучни зборови на еден од светските јазици

**Прилог 2**

**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ**

**Ивана С. Димитровска**

# СТРУКТУРА И ФУНКЦИИ НА СИСТЕМОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

**со посебен осврт на системот за безбедност во Велика Британија**

***(Магистерски труд)***

**С К О П Ј Е, 2012**

**М е н т о р:** проф. д-р Иван А. Петровски
Факултет за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

**Членови на Комисијата:**

Проф. д-р Никола Николовски
Факултет за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

проф. д-р Стојан А. Стојанов
Факултет за безбедност - Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола

**Дата на одбрана:** 16.11.2010

**Дата на промоција:** ____________________________________

Научна од која се стекнува магистерското звање: (Овде наведете еден според тоа од група сте)
**Криминалистика и криминологија** (за постдипломците)
**Криминалистика** (за II Циклус студии)
**Меѓународна безбедност** (за студентите на Меѓународна безбедност)
**Форензички науки** (за групата Форензички науки)
**Безбедност и финансиска контрола** ( за студентите од безбедност и финансиска контрола)